# СЛУЖБ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 16 март 1972

БЕЛГРАД

БРОЈ 16 ГОД. XXVIII

Цена на овој број е 4 динари. — Претплатата за 1972 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671.


**112.**

Врз основа на член 9 став 3 од Основниот закон за прометот на стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/67 и 30/68), сојузниот секретар за стопанство пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ ПРОМЕТ НА ОТПАДОЦИ НА ГОЛЕМО

Член 1

Во Правилникот за минималните технички услови за вршење промет на отпадоци на големо („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/69) член 13 се брише.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1667/1
1 март 1972 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
**Бошко Димитриевиќ**, с. р.

---

**113.**

## ОБЈАВА

### НА СОЈУЗНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА КАНДИДАТОТ ЗА ПРАТЕНИК ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Врз основа на член 100 став 2, во врска со член 188 од Законот за избор на сојузни пратеници („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/69), Сојузната изборна комисија го

ОБЈАВУВА

ИМЕТО НА КАНДИДАТОТ НА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИК ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА 113 — КИКИНДА

Општинската изборна комисија за избор на сојузни пратеници во Изборната единица 113 — Кикинда ја потврди кандидатура на Светко Карановиќ, од Кикинда, за пратеник за Општествено-политичкиот собор на Сојузната скупштина.

Бр. 13
9 март 1972 година
Белград

**Сојузна изборна комисија**

Секретар,
**Бошко Кецман**, с. р.

Претседател,
**Тихомир Јаниќ**, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за Службата на општественото книговодство објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 5/72, се поткраднала долунаведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

Во член 69 став 1 под 4 во заграда наместо бројот: „14" треба да стои: „41".

Од Секретаријатот за законодавство на Сојузната скупштина, Белград, 9 март 1972 година.

---

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА ОДЛУКАТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА ДУБРОВНИК ЗА ОПШТИНСКИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ

I. Генералниот директор на Службата на општественото книговодство поведе постапка за оценување на законитоста на одредбите на тарифниот број 3, став 2 од забелешка 6 и став 2 од забелешка 9 кон тарифниот број 3 и на тарифниот број 13 од Одлуката на Собранието на општината Дубровник за општинскиот данок на промет (пречистен текст — „Службени гласник општине Дубровник", бр. 2/69).

Во текот на постапката за оценување на законитоста Собранието на општината Дубровник ја донесе Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за општинскиот данок на промет („Службени гласник општине Дубровник", бр. 10/70) со која е изменета одредбата на забелешката 9 кон тарифниот број 3 и Одлуката за дополненија на Одлуката за општинскиот данок на промет („Службени гласник општине Дубровник", бр. 10/71) со која е дополнет тарифниот број 13 на порано донесената одлука.

На јавната расправа предлагачот се откажа од своето барање за оцена на законитоста на став 2 од забелешка 9 кон тарифниот број 3 и на одредбата на тарифниот број 13 од Одлуката, па Судот ја оценуваше само законитоста на тарифниот број 3 во делот со кој на прометот извршен помеѓу производителско претпријатие и угостителска единица на неугостителска организација се воведува општински данок на промет и законитоста на став 2 од забелешка 6 кон тарифниот број 3.

II Со тарифниот број 3 од Одлуката е пропишано, покрај другото, општински данок да се плаќа и на прометот на алкохолни пијачки што производителските претпријатија ќе им го извршат на угостителски единици на неугостителски организации, а во став 2 од забелешка 6 кон тарифниот број 3 на таа одлука е одреден даночниот обврзник во тој промет, т.е. е пропишано дека даночен обврзник е произво-

дителското претпријатие, како и трговското претпријатие на големо, а не угостителската единица што точи односно продава алкохолни пијачки на мало.

Оценувајќи ја законитоста на наведените одредби со кои се воведува данок на промет и се одредува даночниот обврзник, Уставниот суд утврди дека, според одредбата на член 24 од Основниот закон за данокот на промет, даночен обврзник на општинскиот данок на промет на стоки на мало може да биде само продавачот или друго лице што ќе го изврши прометот на стоки на мало, а дека како промет на стоки на мало на кој може да се воведува тој данок, во смисла на член 20 на тој закон, се подразбира прометот на производи остварен непосредно со потрошувачот.

Тргнувајќи од наведените законски одредби, Уставниот суд заведе став дека Собранието на општината немало право на прометот извршен помеѓу производителското претпријатие и угостителската единица на неугостителска организација да воведе општински данок на промет на стоки на мало, бидејќи тој промет не се врши со крајниот потрошувач. Исто така Судот смета дека даночниот обврзник на општинскиот данок на промет на стоки на мало не може да биде производителското претпријатие и трговското претпријатие на големо кога учествуваат во прометот со угостителската единица на неугостителска организација, бидејќи угостителската единица, и според самиот текст на одредбата на став 2 од забелешка 6 кон тарифниот број 3 од Одлуката, врши промет непосредно со потрошувачот, т.е. промет на стоки на мало, па според тоа согласно Основниот закон за данокот на промет единствено таа и може да биде даночен обврзник во тој промет.

Од изложеното, а врз основа на член 241 став 1 точка 3 од Уставот и член 26 од Законот за Уставниот суд на Југославија, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Даночен обврзник на општинскиот данок на промет на стоки на мало може да биде продавачот или друго лице кое прометот на стоки ќе го оствари непосредно со потрошувачот.

2. Се укинува тарифниот број 3 од Одлуката на Собранието на општината Дубровник за општинскиот данок на промет („Службени гласник општине Дубровник", бр. 2/69) во делот со кој на прометот на стоки извршен помеѓу производителското претпријатие и угостителската единица на неугостителска организација се воведува општински данок на промет на стоки на мало.

3. Се укинува став 2 од забелешка 6 кон тарифниот број 3 од наведената одлука.

4. Оваа одлука на Судот ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во „Службени гласник општине Дубровник".

III. Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав: судии д-р Борислав Благоевиќ, Раде Главиќ, Димо Кантарџиски, Ѓуро Меденица, Ненад Петровиќ, д-р Стане Павлич, Боривое Ромиќ, Таип Таипи и Јоже Земљак.

У бр. 139/71
28 јануари 1972 година
Белград

Го заменува претседателот
на Уставниот суд
на Југославија,
**Димо Кантарџиски**, с. р.

# УКАЗИ

Врз основа на точка 4 став 1 под 3 од Уставниот амандман XXXVII, Претседателот на Републиката донесува

## УКАЗ

## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО НЕПАЛ

I

Се назначува

Салко Феиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Индија, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Непал, со седиште во Њу Делхи.

II

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 12
6 март 1972 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Арко Андреј, Кавчич Максимилијан, Кос Иван, Приможич Тошо, Стергар Милош, Стержај Мирослав, Страховец Франц, Швајнцер Јанез, Трпин Рихард;

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Адамич Јоже, Агреж Франц, Алеш Ерик, Анкерц Антон, Бабич Андреј, Бергант Јанез, Берник Виле, Безјак др Антон, Бижал Саша, Болтежар Андреј, Циленшек Витомир, Чернезел Иван, Делнишек Макс, Фабјан Иван, Флерин Милан, Фух Манек, Габрич Антон, Грос Јоже, Груден Андреј, Грунтар Виктор, Јанежич Антон, Кнез Јоже, Кордеж Матевж, Корен Алојз, Костнапфел др Јанко, Крајинчич Леополд, Крамаршич Божо, Кристанчич инж. Борис;

Лах Антон, Липар Петер, Липуш Мирослав, Мавец Франц, Маврич Антон, Маврич-Фир Слава, Маврич Стане, Муровец Станислав, Напрудник Милан,

Новљан Јулиј, Пегам Антон, Полко Флорјан, Пугељ Габријел, Рутар Милош, Старц инж. Милко, Старовиќ Васо, Стојановиќ-Стерле Зофка, Шкерљ Франц, Шлибар Јанез, Штер Јанез, Томажин Франц, Трогар Павла, Валенчич Флорјан, Војтех прим др Пертот, Задник Јоже, Завршник Винко, Жеварт Јанко, Жидовник Јанез;

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Арко Иван, Благотиншек Франц, Блазник Франц, Брезар Карл, Брезовар Матија, Буковец Јоже, Бурич Анте, Чернелич Иван, Дебељак др Алфонз, Фанедл-Десклева Криста, Ферлинц Борис, Финк Ервин, Грозданич-Јакомин Павла, Јеленц Алојз, Јенко Владимир, Јернејчич Антон, Калич Виктор, Кавчич Јанко, Кобал Алберт, Коман-Грахек Кристина Ледник Штефан, Левец Иван, Манфреда Бранко;

Петрич Иван, Пигнатари Игор, Подпечан Франц, Погачар-Јужина Минка, Пушник Виктор, Равник Иван, Репич Вељко, Сешел Иван, Скок Антон, Сок Антон, Станич Винко, Стеинер Станко, Стерниша Антон, Шлибар инж. Јоже, Шрот Мартин, Штебих Фрањо, Штефе Иван, Шубиц Франц, Шуц Иван, Шуштершич Албин, Тихец Славко, Варђан Франц, Врбинац Франц, Вулкан Јуриј, Зорман Јоже;

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Алич Франчишка, Аљанчич Стане, Бајук Јожеф, Барле инж. Матевж, Баша Зденка, Берглез Јосип, Бертонцељ-Шкраба Марија, Бертонцељ Марија, Бертонцељ Николај, Бевц Цвето, Бевц Даница, Болчина Јожеф, Боринц Алојз, Божич Јоже, Брезар Франц, Брезник Петер, Бриц Роман, Брлец Петер, Буђа Јоже, Царусо Салватор, Цетин Марјан, Цорн Андреј, Црњац инж. Анте, Чадеж Ладо, Чебулар Драго, Черпич Ружа, Чесен Милан, Чешарек Франц, Чешек Доминик, Чуфер-Превц Иванка, Чуфер-Бергант Минка, Чурин Милан;

Демшар Јоже, Демшар Јоже, Дермота Јернеј, Дерновшек Алојз, Добравец Јоже, Долар Штефан, Доленц Антон, Домањко Алојз, Драушбахер Иван, Дробина Мијо, Ђокиќ Миленко, Ђуранец Иван, Ержен Рафаел, Ерхатич Алберт, Ерзин Макс, Фаркаш, Антон, Фекоња Август, Фелдин Борис, Филипан Љубо, Финжгар Богомир, Фирм Мира, Фистрович Фрањо, Фишер Иван, Флајшман-Вахен Марија, Фрас инж. Станко, Гантар Руди, Гарнеш Антон, Гаспари Едвард, Гашпершич Јоже, Гердина Владо, Главиќ Винко, Графенауер-Качич Лидија, Грмовшек Антон, Груден Антон, Гулич Славко, Густанчич Антон;

Хафнер Алојз, Хафнер Франц, Хајнжич Рудолф, Хледе-Пинтар Даринка, Ховник Станко, Ивануша Франц, Ивартник Антон, Ивич Франц, Јакше Владислав, Јанко Иван, Јапељ Славко, Јершин Павле, Јурчец-Ромих Станка, Кабај Винко, Качич Алојз, Карче Павла, Каспер Алојз, Кемперле Антон, Кенк Јоже, Кержан-Гелзе Ела, Кикер Хинко, Клеменц инж. Август, Книфиц Матија, Коцбек Томаж, Коцен Мајда, Кокот инж. Александер, Колар Лудвик, Компаре-Печарич Станислава, Комполшек Марјан, Копач Винко, Копинич-Стипанчич Нада, Копривник Флорјан, Копривник Стане, Корен Јанко, Корен Јожеф, Коритник Иван, Корошец Хуберт, Корошец Игњац, Кос Мартин, Косем Антонија, Косовел Борис, Кошир Албин, Кошир Иван, Ковач Франц, Ковачич-Одлак Иванка, Крајшек-Черкигој Соња, Краљ Антон, Крамбергер Јоже, Крамер Иван, Крашевец-Клепец Вида, Кристан Јоже, Кривец Бернард, Крмељ Јанко, Крофич Леополд;

Лапање-Чебулар Рафаела, Лауре Мирко, Лазаревич-Крајнчич Антонија, Лебич Доминик, Лесјак-Горечан Иванка, Лесковар Станко, Летнар Станислав, Липицар Драго, Лончариќ Јоже, Лотрич Јанез, Мачек Јуриј, Марин Иван, Мађар Алојз, Маглица Грегор Манзони Марио, Маринчек-Водопивец Вида, Маркуш Јоже Марушич Август, Матко Рудолф, Маури Михаел, Мазовец Миха, Медвед Марјан, Мезе Франц. Миртич Рајко, Млакар Франц, Мочник-Хрибeрник Ангела, Мохорич Јоже, Муц Антон, Мушич Јанко, Немец-Перме Вида, Окорн Алојз, Омерзо Франц, Онич Виктор, Орлич-Хочевар Даница, Осјак Албин, Остерц Франц, Ожбот Роберт;

Пајер Јоже, Павлич Иван, Павлин Јоже, Пеперко-Зорко Мајда, Перуш Игњац, Петан Миха, Пездирц-Пакар Иванка, Пинтар Антон, Пирих Стане, Пирш Јакоб, Пишек Албин, Пивк Франц, Похл Евалд, Понграц Август, Поповиќ Душан, Поповиќ-Јамник Марија, Прегарц Јосип, Прегл Марјан, Прелесник Антон, Прешерен Антон, Прибошич Јоже, Приможич Штефко, Принчич Јанко, Пукл Конрад, Пунгертник Радо, Рајштер Бранко, Рак Франц, Равникар Леополд, Репше Станко, Решчич Владимир, Робежник Антон,Ројина Милан, Рован-Хафнер Павла, Розман Бранко, Рутар Едвин;

Сагај Франц, Седеј Нико, Семе Милан, Семенич Антон, Север Миклавж, Симчич Јожеф, Симчич Виктор, Сирочич Павел, Скоцич Данило, Сколибер-Цестник Амалија, Слуга Јанез, Смерајц Марјан, Смола-Кајфеж Нада, Смрекар Јанез, Срдиќ-Кведер Терезија, Стајнко Франц, Стамејчич-Боровшак Мила, Старц Марија, Стермецки-Орач Антонија, Стојкович Јанез, Светлин Јанез, Шелих Бисерка, Шетина Иво, Шетинац Франц, Ширцељ др Митја, Шорен Станислав, Шпацапан Иван, Штефанчич Мартин, Štegmüller Rudi, Штепихар Хинко, Штибељ Донат, Штек инж. Алојз, Шуп Станислав, Шуми Данушка;

Тавчар Антон, Тавчар Флорјан, Томажич Љубивој, Топлак Јуро, Тополник Игнац, Тробец Јоже, Труден-Чук Матилда, Турк Франц, Урпавт Алојз, Уршич Франц, Уршич Јоже, Увера Фердо, Валант Антон, Валич Игнац, Варл Јанез, Верданик Јоже, Везовишек Франц, Видмар Иван, Wlodyga Ervin, Вовк Август, Врењак Иван, Вршич Алојз, Вршич Матија, Вучник Ладо, Вукелич Томо, Зајко Станислав, Закотник Ловро, Земљич-Рибар Љерка, Земљич Миран, Зенкович-Летоња Јустина, Змрзликар Франц, Зобец Матија, Зуле Павлин, Зупанц Албин, Зупанц Милан, Жабчич Јоже, Жагар Јанез, Жерак Зденко, Жерјав Мирко, Жонта Владимир, Жумер Алојз, Жунич-Крижанич Цветка, Жунич Матија;

за заслуги на делото ширење на братството и единството меѓу нашите народи

## СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Сегулин Иван;

за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

## СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Албрехт Јоже, Черпивец Франц, Ерјавец Антон, Јошт-Мрмоља Даринка, Кавчич Иван, Кошир Јанез, Кребс Јоже, Магушар Марјан, Маркраб Матија, Перуш Алојз, Пирш Иван, Плетершек-Дробнич Ма-

рија, Прапротник Јожеф, Пристов Иван, Шнедиц Јоже, Шмалц Антон, Шмид Матевж, Томпа Штефан, Вагнер Антон,

за примерно залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Алауф Ловро, Берник Леополдина, Безек Вјекослав, Безјак-Беђанич Јулка, Чернак Матија, Голија Винко, Хабјан-Пездире Ана, Кирн-Иванчич Милена, Котник Доминик, Кравогел-Скоф Терзија, Куралт Антон, Лудвик-Бастар Марица, Межнар Францка, Пфајфар Франц, Пирих Мирко, Рахне Јоже, Сапор Антон, Стајнко Јоже, Струга Франц, Шенк Барбара, Шкета Митја, Томшич-Видергар Јожефа, Врхњак Иван, Змазек Франц;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Барбич-Поклукар Елизабета, Белович Албин, Бергинц Алојз, Бес Цирил, Бевц-Маршич Розалија, Блатник Бенјамин, Божак Павел, Церјанец Јосип, Цигале Нада, Циндриц-Крижан Милка, Цирингер Херман, Чебулар Јоже, Чеговник Цирил, Чемажар Марица, Чрешник-Вабич Марија, Чрнко Франц, Чучек Игнац, Чучек Конрад, Данко Алојз, Дебељак Стане, Добрајншчак Франц, Дртлин-Грегорин Франчишка, Екарт-Попијал Марица, Финк Алојз, Фонда Јанко, Фрадл Франц, Фујс Ернест, Галиен Бојан, Гојо Леонард, Гомбач Антон, Горник Марија, Грегорич-Шуштершич Марија;

Хабјанич Станко, Хафнер Марко, Харб Јоже, Хеђед Франц, Хербст Франц, Хочевар Иван, Холц Франц, Храстовец-Остерц Ангела, Хрен Звонка, Хрибар Франц, Худолин Катарина, Хухоја Јоже, Ивец-Иленич Павла, Јагер Франц, Јан Блаж, Јанжековић Антон, Јерина Невенка, Јуркович Јоже, Кабур-Костелц Марица, Кереџ Франц, Клавжар Стане, Клуг Јанез, Книфиц Станислав, Когој Божидар, Косер Јанез, Коси Станко, Костевц Франц, Котник Јанко, Крањ-Хорват Габриела, Крамбергер Алојз, Крже Антон, Кукец Винко, Кункич Стјепан, Кузман Иван, Квар Феликс;

Лазар Јанез, Лебарич Франц, Лесјак Адолф, Летоња Фрањо, Лотрич-Поточник Нада, Ловше Антон, Ловше Франц, Мацун Јожеф, Махер Марија, Марковец-Болте Катарина, Маргон-Туршич Људмила, Мариншек Миха, Маркељ Франц, Масељ-Пфеифер Павла Милојковић-Барич Ана, Млакар Франц, Мохар Франц, Муц Милена, Муркович Стјепан, Неманич Ангела, Новак Антон, Новак Силвестер, Одер Михаел, Онук Јоже, Онук Ловренц, Овсец-Маринич Божа;

Пахор-Тајчман Павла, Павалец Емануел, Павчич Мирко, Павлин Аница, Павшич Вилијем, Пеклар Вера, Перко Андреј, Песјак-Хецл Мајда, Петерка Алојз, Петернељ Франц, Петрена Франц, Петрич Максимилијан, Пездир Резка, Пигнар Криста, Пинтарич Иван, Плевел Винко, Поточник Јанез, Просеник-Грахек Марија, Ранташа Јанез, Ризмал Франц, Рижнар Франц, Рошкер Станко, Рожман Август, Руделич Франц, Рудолф Антон, Рупар Петер, Сајко Божидар, Север Станко, Симонич Алојз, Слапник Станко, Соjч Сивестер, Шрајншчак Франц, Светличич Штефанија, Шарвари Јанош, Шкрбец Стане, Шмид Рудолф, Шпик Филип, Штандекер Ернест, Штефанац-Ферлеж Аница, Штибиљ Јоже, Штухец Антон, Штурм Метод;

Тајч Јанез, Тхалер Франц, Томажич Јанез, Томажич-Врбанчич Марија, Тратник Векослав, Туршич Франц, Тушек Нико, Удович-Мехле Иванка, Улрицх Метка, Урбајс инж. Франц, Вамбергер Мирко, Варжич Иван, Васле-Пахуље Јулија, Вазвз Виктор, Вебер Винко, Вест Виктор, Видмар Петер, Випавац-Рангус Ана, Виват-Клеп Људмила, Врачко-Жижмонд Соња, Врeш Франц, Вукшинић Карлина, Вуњак Раде, Зајц-Тремељ Ива, Залетељ Антон, Зупанчич Едвард, Жнидаршич Иванка, Жнидаршич Мартин, Жунич-Жнидарич Аница, Жуст Минка.

Бр. 54
25 мај 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за покажани извонредни заслуги во организирањето и изградбата на општествено-политичкиот систем и за особен придонес од општо значење за развитокот на социјализмот и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКОТ ТРУД

генералот на армија Наѓ Стјепан Коста.

Бр. 56
25 мај 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

## С О Д Р Ж И Н А:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 112. | Правилник за измена на Правилникот за минималните технички услови за вршење промет на отпадоци на големо — — — | 349 |
| 113. | Објава на Сојузната изборна комисија за кандидатот за пратеник за Општествено-политичкиот собор на Сојузната скупштина — — — — — — — — | 349 |
| | Исправка на Законот за Службата на општественото книговодство — — — — — | 349 |
| | Одлука за оцена на законитоста на Одлуката на Собранието на општината Дубровник за општинскиот данок на промет — — | 349 |
| | Укази — — — — — — — — — — — — | 350 |
| | Одликувања — — — — — — — — — — | 350 |
| | Меѓународни договори — — — — — — | 125 |


**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17**